En partenariat avec

RÉPUBLIQUE FRANÇAISE
Liberté
Égalité
Fraternité

AFD AGENCE FRANÇAISE DE DÉVELOPPEMENT

EXPERTISE FRANCE GROUPE AFD

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) за потребите на проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“, финансиски поддржан од Expertise France на ден 21.05.2026 година објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

**ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТ/ТИМ ЗА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈАЛНА ПРОДУКЦИЈА**

Во рамки на активност *2.6 – Кампања за правата од областа на животната средина*, Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) објавува јавен повик за ангажирање на експерт или тим за подготовка на визуелни и мултимедијални материјали во рамки на социјална медиумска кампања за унапредување на јавната свест за правото на учество во донесување одлуки поврзани со животната средина и пристапот до правда.

1. **Опис и цели на проектот:**

Центарот за правни истражувања и анализи, во партнерство со Македонското здружение на млади правници (МЗМП), Здружение за одржлив развој Милеуконтакт Македонија и Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија го спроведуваат проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“ поддржан од Expertise France.

Основна цел на проектот е да придонесе кон ефективно граѓанско учество за поголема заштита на животната средина во Северна Македонија. Специфични цели на Проектот се: 1) Зајакнување на капацитетите на локалните заедници за учество во донесувањето одлуки за животната средина и користење на правни механизми; 2) Зголемена одговорност на државните институции и судството за заштита на животната средина.

2. **Опис на активноста на овој повик:**

Во рамки на проектните активности, ЦПИА спроведува кампања насочена кон зголемување на правната писменост на граѓаните во областа на животната средина, јавната партиципација и пристапот до правни механизми за заштита на животната средина. Кампањата има за цел да придонесе кон подобро информирање на јавноста за еколошките права, процедурите за учество во процесите на донесување одлуки, како и механизмите за институционална и судска заштита во случаи на повреда на правото на здрава животна средина.

Преку визуелно и содржински пристапни материјали, кампањата ќе се фокусира на поедноставување на сложените правни и административни процедури, објаснување на надлежностите на различните институции и насочување на граѓаните кон соодветните механизми за пријавување и постапување по еколошки проблеми. Особен акцент ќе биде ставен на практични информации и примери од секојдневието со цел граѓаните полесно да ги разберат своите права и можностите за нивно остварување.

Кампањата ќе биде реализирана преку подготовка и објавување на најмалку 10 визуелно ангажирачки содржини, вклучително инфографици, кратки анимации и видео материјали, на социјалните медиуми, пред сè Facebook и Instagram. Содржините ќе бидат прилагодени за пошироката јавност, со посебно внимание на младите и локалните заедници.

Дополнително, кампањата ќе ги промовира алатките за јавна партиципација и пристап до правда, ќе ги демистифицира правните термини и постапки, како и ќе придонесе кон подолгорочно јакнење на јавната свест за значењето на заштитата на животната средина и активното граѓанско учество во процесите на одлучување.

### 3. Предмет на ангажманот и работни задачи:

Ангажираното лице/тим ќе биде одговорно за:

- Истражување и соработка со тимот на ЦПИА во однос на изборот и релевантноста на темите од областа на животната средина;
- Подготовка на креативен концепт и визуелен пристап за реализација на кампањата за, во тесна координација со тимот на ЦПИА;
- Заеднички развој и разработка на идеи и концепти за најмалку 10 социјални медиумски содржини, согласно проектните цели и целните групи;
- Подготовка на визуелни решенија и материјали за социјални медиуми, кои може да вклучуваат инфографици, кратки анимации и кратки видео содржини, во зависност од природата и потребите на конкретната тема;

*Напомена: Објавувањето и дистрибуцијата на содржините на социјалните медиуми ќе биде реализирано од страна на ЦПИА.*

## 4. Времетраење на ангажманот:

Ангажманот ќе се реализира во периодот од ***15.06.2026 година до 01.11.2026 година***. Во почетната фаза од ангажманот, избраниот експерт/тим ќе одржи координативен состанок со тимот на ЦПИА, на кој ќе се разработат концептот, темите, визуелниот пристап и динамиката на подготовка на содржините во рамки на кампањата. Подготовката и доставувањето на материјалите ќе се врши согласно потребите и насоките на ЦПИА, врз основа на претходно договорена временска рамка и динамика на испорака. Конкретните теми, формати и рокови за изработка на поединечните содржини ќе бидат дополнително координирани и прецизирани во текот на имплементацијата на активноста.

## 5. Финансиска понуда

Во рамки на пријавата, понудувачот треба да достави пополнета финансиска понуда (прилог 1) во која ќе биде наведена вкупната сума на целокупниот ангажман. Вкупната финансиска понуда не смее да надмине вкупен бруто износ за целокупниот ангажман од 239.655,00 денари (бруто) кој вклучува сите трошоци поврзани со изработка на материјалите.

*Напомена: Секое лице може да аплицира само еднаш, и тоа, или како самостоен изведувач, или како дел од тим на експерти или како дел од апликацијата на правно лице.*

## 6. Елементи на понудата

За да се пријави на повикот, понудувачот треба да достави:

- Финансиска понуда според образецот даден во прилог 1;
- Кратка биографија (CV) на лицето или членовите на тимот;
- Портфолио или примери од претходно изработени визуелни и/или мултимедијални содржини;

## 7. Критериуми и начин на избор на најповолна понуда

Сите навремени, потполни и уредни пријави ќе бидат детално разгледани и оценувани според следните критериуми:

- **Квалитет на понуда (релеватност на портфолио) – 70 поени**
- **Финансиска понуда – 20 поени**
- **Искуство на слични проекти – 10 поени**

Со понудувачот кој ќе добие најмногу поени по овие критериуми ќе виде склучен договор во кој подетално ќе се утврдат меѓусебните права и обврски.

## 8. Начин на аплицирање

Заинтересираните лица/фирми потребно е да достават:

- Кратка биографија (CV) на лицето или членовите на тимот;
- Портфолио или примери од претходно изработени визуелни и/или мултимедијални содржини;
- Финансиска понуда за целокупниот ангажман.

Документите треба да се достават електронски на: sara.markovska@cpia.mk со назнака:
**„ Кампања за животна средина“**

Рокот за доставување на апликациите е 01.06.2026 до 16:00.
Само кандидатите/фирмите кои ќе влезат во потесен избор може да бидат контактирани за дополнителен разговор или појаснување на понудата.

## 9. Известување на понудувачите

До избраниот најповолен понудувач ќе се достави известување на адресата на е-пошта наведена во понудата.